Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по работната верзија на Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), изнесени на Јавната расправа одржана на 27 февруари 2012 година, од страна на претставници на граѓански организации и други заинтересирани субјекти, а со цел донесување на квалитетен стратешки документ, Националниот совет за евроинтеграции на седницата одржана на 12 јуни 2012 година ги усвои следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. "Националниот совет за евроинтеграции го поддржува донесувањето на стратешка рамка за соработка со граѓанскиот сектор преку усвојувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) имајќи го предвид придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата.

2. Националниот совет за евроинтеграции препорачува дека Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) како институционален механизам треба да гарантира учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, да придонесе за натамошно зајакнување и развој на соработката меѓу граѓанскиот сектор и Владата, преку континуиран дијалог.

3. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за целосно имплементирање на целите и мерките од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) како и акциските планови кои ќе произлезат од стратегијата, заради обезбедување и унапредување на учеството на граѓанските организации во процесите на креирање политики и донесување на одлуки.

4. За ефикасно спроведување на целите и мерките од Стратегијата, Советот оценува дека е особено важно да се обезбедат потребните средства од Буџетот на Република Македонија. Институциите кои се носители на мерките од приоритетните области на Стратегијата, истите навремено да ги интегрираат во своите акциски планови и да предвидат средства за нивно спроведување.

5. Советот оценува дека предлозите, забелешките, препораките и коментарите по Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), изнесени на јавната расправа како и тие изнесени во претходните консултации организирани од Владата, треба да бидат земени во предвид од страна на Владата на Република Македонија.

6. Овие заклучоци заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија и Граѓаснката платформа на Македонија.

   Заклучоците од јавната расправа да се достават и до претседателот на Собранието на Република Македонија.

7. Заклучоците, заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија во делот на Националниот совет за евроинтеграции, за да бидат достапни до стручната и пошироката јавност".